**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
ВО 2006 ГОДИНА

Бр.01- 208/1
Скопје, 30 март 2007 година

С О Д Р Ж И Н А

1. ВОВЕД........................................................................................................................4

2. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ....................................................5

**2.1 Креатор на политиката за имплементација на заштитата на личните податоци:............5**

**2.2 Контролор на законитоста на обработката на личните податоци: ....................................5**

**2.3 Носител на надзорот над обработката на личните податоци: ............................................5**

**2.4 Орган надлежен за водење на регистар и евиденции: .......................................................5**

**2.5 Заштитник на правата на физичките лица од областа на заштитата на личните податоци: ....................................................................................................................................6**

**2.6 Претставник на Република Македонија во областа на заштита на личните податоци во меѓународната соработка и комуникации:..................................................................................6**

3. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА.......................................................................6

4. ПРОСТОРНИ, КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ...........................................................................................................7

5. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2006 ГОДИНА ..................................................8

6. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА 2006 ГОДИНА ...............................9

**6.1 Активности во областа на вршењето на управен надзор ....................................................9**

**6.2 Активности поврзани со постапување по барања и претставки.......................................11**

**6.3 Активности поврзани со имплементација на правната регулатива.................................12**

6.3.1 Закон за заштита на личните податоци...............................................................12

6.3.2 Дополнителен протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа .........................12

6.3.3 Секторска регулатива за заштита на личните податоци во Република Македонија ........13

6.3.4 Поддршка на процесот на усогласување на работата на контролорите со одредбите на Законот за заштита на личните податоци ........................................................................13

6.3.4.1 Давање мислења по подзаконските акти на контролорите по однос на усогласеноста со одредбите на Законот за заштита на личните податоци...........................13

6.3.4.2 Давање мислења по барања на контролорите за непосредна имплементација на Законот за заштита на личните податоци ......................................................................14

6.3.4.3 Давање мислења на барања на контролорите за обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектот на личните податоци...14

6.3.4.4 Давање оценки поврзани со пренос на личните податоци во други држави .........15

6.4 Активности поврзани со евроинтегративниот процес на РМ.............................................15

**6.5 Активности поврзани со имплементација на проекти .......................................................15**
6.5.1 Проект “Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоците“ ....................................15
6.5.2 Проект ФИООМ „Борба против организиран криминал“ ...............................................17
6.5.3 Проект „Е-Влада“ .................................................................................................17
6.5.4 Проект „Е-Општество“..........................................................................................18
6.5.5 Проект „Техничка помош во телекомуникацискиот сектор“ .........................................18

7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА.....................................................................19

**7.1 Меѓународната соработка како стратегиска определба...................................................19**

**7.2 Вклучување на Дирекцијата во работата на меѓународните институции и тела ...........19**
7.2.1 Пролетна Конференција на Европски органи за заштита на личните податоци........19
7.2.2 Конференција на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа.........................................................................................20
7.2.3 Консултативен комитет (Council of Europe, Consultative Committee T-PD) ..............20

**7.3 Други конференции и семинари.............................................................................20**

**7.4 Билатерална соработка ........................................................................................20**

8. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ..........................................................................21

**8.1 Подигање на јавната свест за заштитата на личните податоци.......................................21**

**8.2 Активности поврзани со подготовката за одбележувањето на Европскиот ден за заштита на личните податоци........................................................................................21**

9. ФИНАНСИСКА И МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА НА ДИРЕКЦИЈАТА........................22

10. ГЛАВНИ ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА 2007 ГОДИНА .....24

## 1. Вовед

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот, утврдени со меѓународното право и имплементирани во Уставот на Република Македонија, претставуваат темелна вредност на уставниот поредок и се основа за развојот на демократијата во земјата.

Правото на заштита на личните податоци, како едно од фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот е уредено во член 18 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и заштитата од повреда на личниот интегритет и на достоинството на граѓаните.

Законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја сочинуваат Законот за заштита на личните податоци ("Службен Весник на Република Македонија" бр.7/05) и Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци бр.108 на Советот на Европа од 28.01.1981 година, која Република Македонија ја ратификуваше со Закон („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05).

Законот за заштита на личните податоци е во значителен обем компатибилен и усогласен со Директивата за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободен проток на таквите податоци 95/46/ЕК од 1995 година на Европската Комисија и Советот.

Дирекцијата за заштита на личните податоци е формирана на 22 јуни 2005 година, врз основа на Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Законот), заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на лични податоци и нивна заштита, на територијата на Република Македонија.

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) е да обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и негова целосна заштита од било какви злоупотреби при собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните, како и неовластени промени, уништување и пренос на личните податоци.

Во насока на исполнување на мисијата на Дирекцијата, во текот на извештајниот период, главен приоритет беше подигање на јавната свест за принципите за заштита на личните податоци, како дел од заштитата на правото на приватност во Република Македонија. Подигањето на јавната свест не се однесуваше само на граѓаните, како субјекти на личните податоци[1] чии податоци и приватност се заштитени врз основа на Уставот и Законот, туку и на контролорите[2] и обработувачите[3] на збирките на лични податоци, односно, физичките, правните лица или државните органи одговорни за водење и обработка на личните податоци.

---

[1] „Субјект на лични податоци" е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци

[2] „Контролор на збирка на лични податоци" е физичко или право лице, државен орган или друго тело кое води збирки на лични податоци (постои терминолошка забуна за точното значење на терминиот „контролор". Причината за ова е што терминот „контролор" асоцира на субјект кој врши контрола, додека пак законското значење на терминот е спротивно – контролорот е објект на контрола од страна на Дирекцијата за заштита на податоците)

[3] „Обработувач на збирка на лични податоци" е физичко или правно лице или законски овластен државен орган кој ги обработува личните податоци за сметка на контролорот

Процесот на подигање на јавната свест се одвиваше континуирано. Подигањето на јавната свест е во функција на запознавање на граѓаните со едно од основните човекови права и неговата улога во подобрување на квалитетот на живеење во демократското општество.

## 2. Статус и надлежности на Дирекцијата

Дирекцијата за заштита на личните податоци е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Дирекцијата во областа на заштитата на личните податоци има улога на:

### *2.1 Креатор на политиката за имплементација на заштитата на личните податоци:*

- подготвува и донесува прописи (подзаконски акти) поврзани со имплементацијата на заштитата на личните податоци;
- ги објавува општите принципи на обработката на личните податоци.

### *2.2 Контролор на законитоста на обработката на личните податоци:*

- ја цени законитоста на обработката на личните податоци;
- дава мислење по подзаконските акти на контролорот;
- потврдува дека подзаконските акти на контролорот се во согласност со одредбите на Законот.

### *2.3 Носител на надзорот над обработката на личните податоци:*

- истражува и има пристап до збирките на лични податоци оформени од контролорот, по вид на субјекти и цели;
- ги контролира операциите на обработките на личните податоци што ги применуваат контролорите и собира податоци за правилно извршување на нејзините работи;
- ги проверува сите случаи на престанок на обработка на лични податоци, без оглед на причините кои ги предизвикале;
- издава забрана за понатамошна обработка на личните податоци на контролорот во согласност со Законот.

### *2.4 Орган надлежен за водење на регистар и евиденции:*

- води Централен регистар;
- води евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави;

***2.5 Заштитник на правата на физичките лица од областа на заштитата на личните податоци:***

- постапува по барања и претставки на физички лица во врска со повреда на нивните права во поглед на обработката на личните податоци;
- се грижи за почитување на принципите на обработка на личните податоци.

***2.6 Претставник на Република Македонија во областа на заштита на личните податоци во меѓународната соработка и комуникации:***

- постапува по барањата на надзорен орган на друга држава за спроведување на неговите надлежности на територија на Република Македонија;
- остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учествува во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци.

## 3. Организациска структура

Внатрешната организација на Дирекцијата е поставена во согласност со надлежностите на Дирекцијата, утврдени во Законот за заштита на личните податоци.

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на Дирекцијата, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебна поврзаност и сродност, во Дирекцијата се предвидени следните организациски облици: сектори и одделенија.

Сектори и одделенија на Дирекцијата се:

**Сектор за вршење управен надзор и правни работи**

- Одделение за вршење управен надзор
- Одделение за нормативно-правни работи
- Одделение за постапување по барања и претставки

**Сектор за Централен регистар и информатичка поддршка**

- Одделение за Централен регистар
- Одделение за информатичка поддршка

**Сектор за општи и заеднички работи**

- Одделение за општи работи и човечки ресурси
- Одделение за финансиски работи

Во текот на 2006 година, Секторот за вршење управен надзор и правни работи и Секторот за општи и заеднички работи започнаа со извршување на работите и задачите кои спаѓаат во нивниот делокруг, но Секторот за Централен регистар и информатичка поддршка, заклучно со крајот на 2006 година, не отпочна со работа, заради тоа што во овој Сектор не е вработено ниту едно лице, што претставува сериозен проблем.[4]

## 4. Просторни, кадровски и технички услови за работа на Дирекцијата

Во текот на 2006 година, се реализираа голем број активности насочени кон создавање на просторни, кадровски и технички услови за институционално оформување и ефикасно работење на Дирекцијата.

Со Одлука на Владата на Република Македонија[5] на Дирекцијата и се дадени на користење деловни простории на ул.„Самоилова“ бр.10, со површина од 312 м2. Дирекцијата се всели во новите деловни простории, во месец август 2006 година.

Дирекцијата ја започна 2006 година со вкупно три вработени (две именувани лица, директор и заменик на директорот и еден државен службеник, раководител на сектор). Во текот на 2006 година се вработија вкупно десет лица, од кои три лица се вработени со објавување на јавен оглас, а сите останати без објавување на јавен оглас, со преземање од други државни органи. Во Дирекцијата, заклучно со 31.12.2006 година беа вработени вкупно тринаесет лица и тоа:

I. Функционери:
- Директор
- Заменик на директорот

II. Државни службеници:

1. **<u>Сектор за вршење управен надзор и правни работи</u>:**
   - Раководител на сектор

   **а. Одделение за управен надзор**
   - Помлад соработник за управен надзор
   - Помлад соработник за управен надзор

   **б. Одделение за нормативно-правни работи**
   - Соработник за нормативно-правни работи
   - Помлад соработник за нормативно-правни работи

   **в. Одделение за постапување по барања и претставки**
   - Помлад соработник за постапување по барања и претставки

2. **<u>Сектор за општи и заеднички работи</u>**

   **а. Одделение за општи работи и човечки ресурси**
   - Советник за општи работи и човечки ресурси

---

[4] Графичкиот приказ на организациската структура на Дирекцијата е составен дел на овој Извештај (Прилог бр.1)

[5] Одлука бр.19-2455/1 од 01.06.2006 година на Владата на РМ

- Помлад соработник за меѓународна соработка
- Помлад соработник преведувач-толкувач
- Самостоен референт за општи работи и човечки ресурси

**б. Одделение за финансиски работи**

- Помлад соработник за финансиски и комерцијални работи

3. **Сектор за Централен регистар и информатичка поддршка**
   - Не е вработено ниту едно лице.

Што се однесува до образовната структура на вработените, дванаесет се со високо образование, а еден е со средно образование. Постепеното зголемување на обемот на работа во Дирекцијата ја наметнува потребата од понатамошно зголемување на бројот на вработените, посебно во Одделението за вршење управен надзор, Одделението за постапување по барања и претставки, како и во Секторот за Централен регистар и информатичка поддршка, заради интензивирање на надзорот и се поголемиот број на барања и претставки на граѓаните, што пристигнуваат во Дирекцијата, како и заради законската обврска за водење на Централен регистар[6] и потребата од континуирана информатичка поддршка.[7]

Техничките услови за работа во Дирекцијата се создадени со обезбедување на информатичка опрема[8] преку Проектот „Информатичка опрема за Дирекцијата за заштита на личните податоци", финансиран од Европската Унија, Програма Кардс 2004, а управуван од Европската агенција за реконструкција.

Со преселбата на Дирекцијата, од претходните, привремени и несоодветни, во новите деловни простории во август 2006, целокупната информатичка опрема е ставена во функција, поврзана со соодветни компјутерски и телекомуникациски линии. Сепак, Дирекцијата се соочува со недостиг на канцелариски мебел (сегашниот во поголем дел е позајмен), што налага решавање и на тој проблем, поврзан со финансиски средства, посебно имајќи го предвид планираното кадровско екипирање на Дирекцијата.

## 5. Приоритетни активности во 2006 година

Главните приоритети на Дирекцијата во 2006 година беа фокусирани кон исполнување и реализација на законските обврски и сите потребни активности во функција на остварување на правото на заштита на личните податоци, како дел од правото на приватноста, еден од битните сегменти на патот кон евроинтеграцијата. Приоритетите на Дирекцијата во 2006 година беа:

- подобрување на просторните и кадровските капацитети на Дирекцијата, како основен предуслов за остварувањето на останатите зацртани цели;

---

[6] Евиденциите на збирките на лични податоци што ги водат контролорите се обединуваат во Централен регистар.Централниот регистар ќе биде достапен на јавноста преку Веб-страната на Дирекцијата.

[7] Графичкиот приказ на бројот на вработени во Дирекцијата за заштита на личните податоци е составен дел на овој Извештај (Прилог бр.2)

[8] 15 персонални компјутери, 6 преносни (лап-топ) компјутери, 8 печатари и 4 сервери со придружна опрема и софтвер

- техничко опремување на Дирекцијата со информатичка опрема преку Проектот „Информатичка опрема за Дирекцијата за заштита на личните податоци“;
- запознавање на јавноста со основањето на Дирекцијата и нејзините надлежности, со посебен акцент на правото на приватност и заштита на личните податоци, преку Веб-страната и останатите печатени и електронски медиуми;
- креирање на Веб-страната на Дирекцијата;
- вршење контрола и надзор над обработката на личните податоци од страна на контролорите;
- постапување по барања и претставки на физички лица за утврдување на повреда на правата за заштита на личните податоци загарантирани со Законот;
- давање мислење за подзаконските акти на контролорите и за законските текстови кои содржат одредби за заштита на личните податоци;
- давање стручна помош на контролорите при воспоставување на евиденции на збирките на лични податоци и
- објавување на општите принципи на обработка на личните податоци .

Во рамките на планираните активности за 2006 година, посебен акцент беше ставен на Проектот „Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоците во Република Македонија“, финансиран од Европската Унија - Програма CARDS 2004, а управуван од Европската Агенција за реконструкција, чие времетраење е 18 месеци, а имплементацијата започна на 30 мај 2006 година и ќе трае до 30 ноември 2007 година.

## 6. Реализирани активности во текот на 2006 година

### *6.1 Активности во областа на вршењето на управен надзор*

Во втората половина од 2006 година, Дирекцијата започна со вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита од страна на контролорите, откако се постигна кадровска екипираност која го овозможи остварувањето на оваа најсуштествена надлежност.

Надзорот е реализиран врз основа на донесен план од страна на Дирекцијата, како и ad hoc надзори засновани на барања и претставки поднесени од страна на граѓани (беа опфатени контролори во областите на банкарството, телекомуникациите, пензиските фондови и поштенските услуги). Во текот на 2006 година, извршен е надзор кај шест контролори, но поради обемноста на документацијата за надзор и почитување на роковите на пропишаната постапка за надзор, согласно Законот дел од овие постапки беа завршени во почетокот на 2007 година.

Констатираната состојба од извршениот надзор и контрола кај контролорите, е во насока дека:

- имплементацијата на Законот е отпочната, но нивото на реализација на обврските во поглед на заштитата на личните податоци е различно;
- постои интерес и спремност за целосно усогласување на нивната работа со Законот во транзицискиот период што завршува на 19.12.2007 година;
- постои потреба од поширока кампања и стручна помош во клучните области, заради приближување на одредбите на Законот до контролорите и запознавање со обврските, а со оглед дека постојат извесни тешкотии во разбирањето на Законот и неговата имплементација;
- треба да се изврши анализа на дел од одредбите на Законот, посебно во насока на поедноставување на постапката за пријавување на евиденциите на збирките на лични податоци и обврската за склучување на писмени договори при давањето на личните податоци на корисници.

По однос на овластувањата на Дирекцијата, што произлегуваат од законските одредби при вршењето на контролата и надзорот врз контролорите, констатирани се определени слабости, во поглед на издржаноста на законското решение во овој дел и оценето е дека треба да се засили позицијата на Дирекцијата со утврдување на надлежности на ниво на инспекциски надзор и контрола и со можност за изрекување на прекршочни казни во рамките на Дирекцијата. Ова секако ќе придонесе за поголема ефикасност во работењето и потврдување на нејзиниот независен статус, определен со Законот.

Што се однесува на мерките преземени при надзорот и контролата, контролорите се задолжени констатираните неправилности да ги отстранат и своето работење да го усогласат со одредбите на Законот до истекот на транзицискиот период, кој трае до 19.12.2007 година. Истовремено, на контролорите им се дадени препораки за целосно усогласување на работењето со одредбите на Законот.

Во одредени случаи дадени се и пократки рокови за отстранување на определени неправилности во работењето на контролорите, од аспект на заштитата на личните податоци, посебно ако тие имаат директно влијание врз остварувањата на правото на заштита на лични податоци на граѓаните, а во еден случај е наложено бришење на збирка на лични податоци, за која е констатирано дека се води без законска основа.

Во поглед на ефектите од изречените мерки, во најголем дел од завршените постапки, роковите за отстранување на неправилностите не се истечени. Дирекцијата утврди дека е постапено по задолжувањето на контролорот да ја избрише збирката на личните податоци, која се водеше без законска основа.

### *6.2 Активности поврзани со постапување по барања и претставки*

Во текот на март 2006 година, во согласност со одредбите од член 18 од Законот[9] е именувана трочлена Комисија на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Комисијата одлучува во прв степен по поднесените барања на граѓаните кои сметаат дека им се повредени правата загарантирани со Законот за заштита на личните податоци. Поради недостаток на кадри во Дирекцијата, само претседателот на Комисијата е од редот на вработените во Дирекцијата, а другите два члена се од Министерството за правда. Перманентното зголемување на бројот на барањата и претставки на граѓаните за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци, ја наметнува потребата од често заседавање на Комисијата, што би се поедноставило кога нејзиниот состав би го сочинувале вработени во Дирекцијата. Оттука, определба на Дирекцијата е веднаш штом ќе се создадат услови за тоа, надворешните членови на Комисијата (од Министерството за правда) да бидат заменети со внатрешни членови.

Во текот на 2006 година пред Комисијата се поднесени вкупно осум барања од граѓани за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци. Комисијата постапуваше по шест од овие барања, а две од барањата се префрлени до нормативно-правното одделение на Дирекцијата, заради давање правно мислење. За дел од нив е одлучено во 2006 година, за преостанатите што се поднесени кон крајот на годината постапката за одлучување е започната во 2006 година а завршена во првиот квартал од 2007 година.

Според наводите во барањата за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци, граѓаните во основа бараат заштита во поглед на:

- незаконски пренос и користење на личните податоци за цели кои се различни од целта заради која се дадени податоците, без да постои законска основа за тоа или согласност на субјектот на податоците;
- незаконско собирање и обработка на лични податоци во поголем обем од потребниот за целта за која се обработуваат податоците.

Од аспект на личните податоци на кои се однесува повредата на правото на заштита на личните податоци, од доставените барања може да се констатира дека граѓаните најчесто укажуваат на неосновано откривање и обработка на нивните личните податоци што се однесуват на: име и презиме, телефонски број, адреса и ЕМБГ.

Комисијата на Дирекцијата од своето формирање се соочи со извесни потешкотии, кои се јавуваа поради определени неуредени односи во постапката со Законот за заштита на личните податоци како Lex specialis, како и заради определени специфики во областа на заштитата на личните податоци.

По однос на бројот на поднесените барања, евидентно е нивно зголемување кон крајот на 2006 година заради преземените активности на планот на подигањето на јавната свест кај граѓаните. Се очекува овој број да се зголемува и понатаму.

---

9 Секое физичко лице кое смета дека му е повредено некое право загарантирано со овој закон може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото до Комисијата на Дирекција за заштита на личните податоци.

### *6.3 Активности поврзани со имплементација на правната регулатива*

### 6.3.1 Закон за заштита на личните податоци

Од основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2005 година, започна имплементацијата на Законот за заштита на личните податоци. Во соработка со Проектот за техничка поддршка на Дирекцијата КАРДС 2004, во текот на 2006 година се подготвени анализи за степенот на усогласеност на Законот со европската регулатива. [10]

Отпочнувањето на имплементацијата на Законот, остварувањето на меѓународната соработка, анализата на состојбите во други земји, како и соработката со Проектот, даваат можност да се согледаат и осознаат и подобри искуства и законски решенија кај земјите членки на Европската Унија по однос на заштита на личните податоци, како и во сегментот на независноста на надлежната институција.

Дирекцијата, по сеопфатна анализа на состојбите и искуствата на други земји членки на Европската Унија, како и врз основа на непосредната соработка со Проектот во насока на утврдување на степенот на усогласеност на нашиот закон со Директивата 46/95 на Европската Комисија и Советот, ќе предложи негови измени и дополнувања. Во оваа насока, измените би биле насочени и кон зголемување на самостојноста и независноста на Дирекцијата, како што тоа го наметнува европската регулатива во полето на заштитата на личните податоци, со што ќе се овозможи Дирекцијата целосно да се вклопи во системот за поголема демократизација на Република Македонија, како предуслов за нејзино зачленување во Европската Унија.

Постапката за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци е предвидена за 2007 година.

### 6.3.2 Дополнителен протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа

Во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија од ноември 2006 година, беше наведено дека земјата има донесено Закон за заштита на личните податоци, со транзициски период од две години, дадена е позитивна оценка за работата на Дирекцијата, но дека нејзиниот капацитет треба и понатаму да се засилува. Во Извештајот беше наведено дека Република Македонија сè уште го нема потпишано Дополнителниот Протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа за заштита на лица при автоматска обработка на лични податоци кој се однесува на органите за супервизија и прекуграничниот проток на податоци.

[10]Директивата за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободна циркулација на таквите податоци 95/46/ЕС од 1995 година на Европската Комисија и Советот: Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци бр.108 на Советот на Европа од 28.01.1981 година: Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци од 08.11.2001 година.

Подготвена е документацијата потребна за отпочнување на постапката за потпишување на Дополнителниот протокол. Постапката за потпишување, а подоцна и негова ратификација, треба да се заврши во текот на 2007 година.

### 6.3.3 Секторска регулатива за заштита на личните податоци во Република Македонија

Дирекцијата во 2006 година беше активно вклучена во подготовката на Законот за полиција во делот за заштитата на личните податоци. Таа даде свој придонес со непосредни предлози за уредување на делот за заштитата на личните податоци, при што беше користена и експертска помош преку Проектот за техничка поддршка КАРДС 2004.

Дирекцијата даде мислења при подготовката на Законот за државната статистика, Законот за пописот на земјоделските стопанства, Законот за надзор на државната граница, Изборниот законик и други законски предлози по барање на предлагачите, а по однос на одредбите што се однесуваат на заштитата на личните податоци.

На барање на Владата на Република Македонија и надлежните министерства за подготовка на одредени меѓународни договори и регионални конвенции, од страна на Дирекцијата, дадени се мислења во однос на одредбите што се однесуваат на заштита на личните податоци, содржани во споменатите акти.

Во 2007 година се очекува ваквите активности да се интензивираат, посебно по завршување на постапката за измени и дополнувања на Законот, потпишувањето на Дополнителниот протокол и донесувањето на Закон за негова ратификација.

Заради потребата од усогласување на секторска регулатива во деловите со кои се уредува заштита на личните податоци (во областите на здравството, електронските комуникации, банкарството и осигурувањето, директниот маркетинг, социјалната заштита и други сфери од општественото живеење), неопходно е да се обезбедат предуслови, Дирекцијата да биде вклучена во постапката при донесување на закони. Улогата на Дирекцијата да се остварува на начин што сите предлози на законски текстови ќе и бидат претходно давани на мислење, со што ќе се обезбеди унифицирање и усогласување на регулативата во областа на заштитата на личните податоци.

### 6.3.4 Поддршка на процесот на усогласување на работата на контролорите со одредбите на Законот за заштита на личните податоци

#### *6.3.4.1 Давање мислења по подзаконските акти на контролорите по однос на усогласеноста со одредбите на Законот за заштита на личните податоци*

Согласно одредбите од член 41 од Законот за заштита на личните податоци, Дирекцијата ги разгледува и дава мислења по однос на актите на

контролорите (подзаконските акти со кои се уредува заштитата на личните податоци или посебно организациските и технички мерки за заштита на личните податоци). Во текот на 2006 година, Дирекцијата даде мислења по однос на подзаконските акти на повеќе контролори, но некои од започнатите постапки, беа финализирани во почетокот на 2007 година.

Се очекува овие активности да се интензивираат во текот на 2007 година заради истекување на транзицискиот период за усогласување на работата на контролорите со Законот.

*6.3.4.2 Давање мислења по барања на контролорите за непосредна имплементација на Законот за заштита на личните податоци*

- **Давање мислења при склучување на договори за давање или размена на лични податоци**

Во текот на 2006 година, Дирекцијата беше активно вклучена во уредувањето на меѓусебите односи на договорните страни во поглед на заштитата на личните податоци. Во таа насока, беа дадени мислења и стручна помош во изготвувањето на договорите за давање на лични податоци на корисници во повеќе случаи кога тоа беше побарано (за давање на лични податоци од државни органи на адвокати, извршители, осигурителни компании, банки, Државниот завод за геодетски работи и други).

- **Давање мислења и консултации за обврските на контролорите, што произлегуваат од Законот**

Дирекцијата одговараше и на сите прашања на контролорите по однос на имплементацијата на Законот во конкретни случаи, во повеќе различни области (електронските комуникации, банкарскиот систем, внатрешни работи, здравството и други). Поголемиот број мислења се дадени во писмена форма. Покрај дадените писмени мислења, одржани се и повеќе консултативни состаноци со заинтересираните контролори.

*6.3.4.3 Давање мислења на барања на контролорите за обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектот на личните податоци*

Контролорите кои воспоставуваат збирки на лични податоци, во кои се содржани лични податоци, чија што обработка претставува посебен ризик, се должни да прибават мислење од Дирекцијата за нивна обработка. Во текот на 2006 година Дирекцијата има дадено позитивно мислење во два случаи по барање на контролори (од областа на високото образование и платниот промет). Барањата се однесуваа на користење на биометриски податоци (папиларни линии на прст на секој вработен за електронско евидентирање на работното време) и користење на ЕМБГ (како личен податок кој е посебно заштитен).

*6.3.4.4 Давање оценки поврзани со пренос на личните податоци во други држави*

Кога одреден контролор има потреба да изврши пренос на личните податоци во други држави, Дирекцијата согласно одредбите од Законот има обврска да врши оценка на соодветноста на степенот на заштита на лични податоци во таа држава. Степенот на соодветност на заштитата на личните податоци се цени зависно од прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци во таа држава. Дирекцијата има дадено мислења по сите доставени барања (најголем дел од нив се побарани од Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда). Во најголем број случаи се бараше пренос на личните податоци во земјите членки на Европската Унија, но и во соседните земји што не се членки на Европската Унија.

## 6.4 Активности поврзани со евроинтегративниот процес на РМ

Во извештајниот период, Дирекцијата континуирано ги исполнуваше обврските што за неа произлегуват од евроинтегративниот процес на Република Македонија. Основањето на Дирекцијата и нејзиното работење се во функција на зајакнување на овој процес.

Дирекцијата зема активно учество во подготовката на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) за периодот 2007-2010 година, целосно и навремено ги реализираше обврските по однос на подготовката на оваа програма во поглавјето 23 за соработка на полето на правосудството и човековите права, во делот за заштитата на личните податоци. Дирекцијата учествуваше и во тековното ажурирање на Акциониот план за Европско Партнерство (АПЕП) за 2006 година, при што се детектирани сите релевантни извори од acquis communautaire потребни за усогласување на домашното со европското законодавство за подготовка на делот за заштита на личните податоци.

На Третиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што се одржа во Брисел, на 30 ноември и 01 декември 2006 година, на кој повторно беше ставен посебен акцент на основните човекови права, меѓу кои правото за заштита на личните податоци, пред претставниците на Европската Комисија беше претставено досегашното работење на Дирекцијата и презентирани достигнувањата во сфера на заштита на личните податоци во Република Македонија.

## *6.5 Активности поврзани со имплементација на проекти*

### 6.5.1 Проект "Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоците"

Во текот на 2006 година, Дирекцијата беше целосно вклучена во активностите поврзани со имплементација на Проектот "Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите на заштита на податоците во Република Македонија".

Главна цел на Проектот е да се поддржи развојот на законската рамка и да се зајакне институционалниот капацитет во областа на заштитата на личните податоци, што е во функција на остварување на заштита на основните човекови права и слободи, особено правото на приватност во контекст на обработка на личните податоци.

Поконкретно, Проектот се однесува на сеопфатно регулирање на заштитата на личните податоци и на развојот на Дирекцијата.

Проектот се однесува на пет основни аспекти, по однос на кои во текот на извештајниот период се преземени следните активности:

- Правна поддршка

Од започнувањето на Проектот, до крајот на извештајниот период, изработена е Компаративна анализа на делот од Уставот на Република Македонија што ја уредува заштитата на личните податоци со Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, Европската повелба за човекови права, како и со Уставите на неколку земји од Европската Унија; анализа на Законот за заштита на личните податоци, идентификација на недостатоците во него, со сугестии за нивно решавање; компаративна табела за усогласеност на Законот за заштита на личните податоци со општата Директива 95/46/ЕК на Европската Унија ; преглед и анализа на неколку секторски закони од гледна точка на правните принципи на заштитата на личните податоци, организирани се семинари за вработените на Дирекцијата за европските принципи и постапки за спроведување за заштитата на податоците, одржани се семинари за вработените на Дирекцијата и за претставници на контролорите кои водат збирки на лични податоци, за прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

- Унапредување на постапките

Во текот на извештајниот период во рамките на Проектот, требаше да отпочне креирање, разработување и подобрување на постапките за вршење на сите законски надлежности на Дирекцијата, вклучувајќи ги овластувањата за надзор и контрола, особено во случаите кога постојат индиции за злоупотреба на лични податоци, изнесени во поднесените барања и претставки на субјектите на личните податоци, како и за поведување законски постапки за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци. Но, со оглед дека настапи извесно доцнење со започнувањето на реализирањето на оваа компонента на Проектот, Дирекцијата самостојно, започна да ги имплементира постапките регулирани во Законот, а определена поддршка од страна на Проектот во овој домен, се очекува во текот на 2007 година.

- Градење на капацитети (обука)

Во текот на извештајниот период, обуката беше значаен дел од Проектот. Беа организирани определен број семинари за обука за вработените на Дирекцијата.

Во функција на обука на вработените на Дирекцијата, беше организирана студиска посета на Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка.

- Подигање на јавна свест

Во текот на месец ноември 2006 година, со Конференцијата за отворање на Проектот, започна информативната кампања за подигање на свеста на јавноста за прашањето на заштитата на личните податоци, која продолжи со изготвување на информативни летоци и брошури, поддршка при организирањето на Првата конференција на Дирекцијата за запознавање на медиумите со нејзиното постоење и работење, како и поддршка во одвивањето на подготовките за одбележувањето на Денот на заштита на личните податоци.

- Информатичка технологија

Во текот на 2006 година, откако беше ангажиран локален експерт за информатичка технологија, направена е анализа на сегашното системско и концептуално решение за новиот информатички систем на Дирекцијата, изготвен е документ за администрирање и управување со локалните мрежни и серверски системи, вклучувајќи ја внатрешна безбедност, корисничкото управување, дневник за ревизија и архивирање, отпочнато е со изготвување на нова Веб-страна на Дирекцијата, нејзин нов дизајн, содржина, управување, со која треба да се замени постојната.

### 6.5.2 Проект ФИООМ „Борба против организиран криминал“

Претставник на Дирекцијата за заштита на личните податоци е член на експертската група на Проектот „Борба против организираниот криминал“ на Фондацијата-Институт отворено општество Македонија.

Тргнувајќи од фактот дека во основата на концептот на правната држава се фундаменталните слободи и права на граѓанинот, кои се сериозно загрозени со новите облици на криминал, се наметнува потреба од унапредување на механзимите со кои тие права се гарантираат.

Исто така, потребата да се воспостави баланс помеѓу мерките и активностите што се преземаат во борбата против организираниот криминал и заштитата на човековите права, меѓу кои и заштитата на личните податоци, како и потребата да се регулира размената на личните податоци помеѓу институциите кои се овластени да преземаат мерки и активности за борба против криминалот, укажуваат дека учеството на Дирекцијата во овој важен проект е од големо значење.

Имајќи предвид дека заштитата на личните податоци треба да е насочена кон изнаоѓање на најдобриот баланс помеѓу заштитата на приватноста на поединците и легитимната употреба на податоците, регулирањето на заштитата на личните податоци е од огромно значење и за остварување на соработка со Европол и со Интерпол, бидејќи за да се премине кон оперативна соработка со овие институции, претходно е потребно да биде воспоставен адекватен систем на заштита на личните податоци.

### 6.5.3 Проект „Е-Влада“

Во основата на Проектот „Е-Влада“ лежи добрата волја и интенцијата Владата на Република Македонија да се приближи до граѓаните преку една нова

технологија (www.e-gov.org.mk). Во соработка со јавниот и приватниот сектор, Проектот Е-Влада тангира многу различни прашања, а едно од нив е секако прашањето на тајност и приватност на личните податоци кои се разменуваат преку Интернет. Токму ова е допирната точка помеѓу Проектот „Е-Влада“ и Дирекцијата.

Соработката помеѓу Проектот „Е-Влада“ и Дирекцијата започна во 2005 година, а се интензивира во март 2006 година, кога беа организирани две работилници под наслов “Приватност во Македонската и меѓународната ИКТ средина”, на кои Дирекцијата го претстави своето работење. На овие две работилници присуствуваа претставници од јавниот и приватниот сектор, кои покажаа посебен интерес за прашањата од областа на заштитата на личните податоци. Подоцна, како резултат, на претходно воспоставената соработка, беа издадени две брошури, ”Приватноста во дигиталната ера” и “Информатичка безбедност“ во кои беше претставена Дирекцијата.

Соработката со Проектот „Е-Влада“ ќе продолжи во иднина преку планираните активности, чија цел е промовирање на заштита на личните податоци и приватноста на граѓаните во информатичката сфера.

### 6.5.4 Проект „Е-Општество“

Во периодот од 15–17 ноември 2006 година, во Скопје, во организација на Фондацијата Метаморфозис се одржа Меѓународна Конференција на тема „Е-Општество“ на која Дирекцијата за заштита на личните податоци зема активно учество.

Главната интенција беше да се укаже дека напредокот на информатичката технологија, посебно Интернетот, од една страна, создаваат големи предности, но од друга страна, неговото користење или злоупотреба, може да има негативни последици во економско-општествената и културната средина. Потенцијалот за чување и обработка на лични податоци што го поседува информатичко-комуникациската технологија, ја зголемува веројатноста за нивната злоупотреба.

Личните податоци се повеќе се разменуваат преку Интернет меѓу различни органи и институции и се пренесуваат преку државните граници. Затоа е неопходно да се обезбеди сигурност на целокупниот систем, да се подигне свеста на Интернет-корисниците за многубројните опасности. Токму овие аспекти, беа посочени и анализирани на Конференцијата.

Воспоставената соработка на Дирекцијата со Проектот „Е-Општество“ продолжува. Заштитата на личните податоци како тема е присутна и во месечните изданија на електорнскиот билтен – Metamorphosis e-Bilten.

### 6.5.5 Проект „Техничка помош во телекомуникацискиот сектор“

Дирекцијата оствари делотворна соработка со Проектот во областа на електронските комуникации, давајќи го својот придонес со тоа што на организираните работилници на тема “Вовед во регулаторната рамка на ЕУ за електронски комуникации и нејзина примена во Македонија”, на кои беше ставен акцент на правилата, принципите и концептите кои ја сочинуваат

регулаторната рамка на Европската Унија за електронски комуникации, редовно ги презентираше принципите на заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор.

## 7. Меѓународна соработка

### *7.1 Меѓународната соработка како стратегиска определба*

Меѓународната соработка во полето на заштитата на личните податоци претставува една од стратегиските определби на Дирекцијата. Бидејќи постоењето и успешното функционирање на надзорен орган за заштита на личните податоци претставува еден од приоритетните услови за влез во Европската Унија, може да се констатира дека остварувањето на широка меѓународна соработка на Дирекцијата е еден од битните елементи за нејзино успешно функционирање.

Остварувањето на меѓународната соработка како една од надлежностите на Дирекцијата е предвидена и со Законот за заштита на личните податоци во член 41, став 1, алинеа 17 кој гласи: “остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на лични податоци и учествува во работата на меѓународните организации и институции вклучени во заштитата на личните податоци”.

### *7.2 Вклучување на Дирекцијата во работата на меѓународните институции и тела*

#### 7.2.1 Пролетна Конференција на Европски органи за заштита на личните податоци

Дирекцијата во февруари 2006 година испрати формулар за акредитација и влез во членството на Конференцијата на Европски органи за заштита на личните податоци. Акредитацијата за членство беше позитивно оценета од страна на Комитетот на Конференцијата, а официјалниот прием на Дирекцијата во членството на Конференцијата е извршен на 25 април 2006 година, на дводневната Конференција која се одржа во Будимпешта, Република Унгарија. На оваа Конференција, како нови членки беа примени и надзорните органи за заштита на лични податоци на Словенија и на Романија.

Пролетната Конференција на Европските органи за заштита на личните податоци, се одржува еднаш годишно, на неа присуствуваат сите Европски надзорни органи за заштита на личните податоци и се презентираат најновите достигнувања на ова поле.

### 7.2.2 Конференција на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа

На 24 и 25 мај 2006 година, во Варна, Република Бугарија, се одржа Осмата Конференцијата на органите за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа. Дирекцијата за заштита на личните податоци за прв пат беше присутна на оваа средба и со тоа стана член на групата на надзорните органи на земјите од Централна и Источна Европа.

### 7.2.3 Консултативен комитет (Council of Europe, Consultative Committee T-PD)

Статусот на Република Македонија на член на Советот на Европа, од една страна и фактот дека Дирекцијата е единствен надлежен орган за заштита на личните податоци во Република Македонија, од друга страна и обезбедија на Дирекцијата статус на член на Консултативниот комитет.

Во месец декември 2006 година, Дирекцијата присуствуваше на Десетиот Состанок на Бирото на Консултативниот комитет T-PD на Советот на Европа, на негова покана.

### *7.3 Други конференции и семинари*

Во текот на 2006 година, Дирекцијата беше присутна на неколку меѓународни конференции за кои оцени дека се корисни за работата во полето на заштитата на личните податоци. На 11 и 12 мај 2006 година, во Варшава, Полскиот Инспекторат за заштита на личните податоци беше домаќин на Конференцијата за јавна безбедност и заштита на личните податоци; на 28 јуни 2006, во Брисел, во организација на Европската Комисија, а поддржан од TAIEX Инструментот беше одржан еднодневен семинар на тема Биометриски податоци во патните исправи; во декември 2006 година, во Прага се одржа Меѓународната конференција МЕДТел 2006, а беше организирана со цел да се разгледаат проблемите на создавање, управување и интегрирање на збирки на податоци од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

### *7.4 Билатерална соработка*

Во рамките на Проектот за техничка поддршка на Дирекцијата КАРДС 2004, во делот за обуки и усовршување на вработените на Дирекцијата, предвидени се две студиски посети на независни државни органи за заштита на личните податоци во две различни европски земји, од кои едната се реализираше во 2006 година, а другата е планирана за реализирање во 2007 година.

Првата студиска посета беше остварена во периодот од 16 до 20 октомври 2006 година, во Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка. Во текот на трите работни дена на студиската посета се оствари соработка меѓу вработените на Дирекцијата и на Чешката канцеларија,

при што се разменети искуства кои секако ќе користат во понатамошното работење на Дирекцијата.

Како знак на добра волја за континуирана соработка која што ќе ја зацврсне размената на искуства и знаења помеѓу експертите од двете тела на полето на развој на законодавството, меѓународните активности и проектите за заштита на личните податоци, Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка и Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија потпишаа Меморандум за соработка.

## 8. Односи со јавноста

### *8.1 Подигање на јавната свест за заштитата на личните податоци*

Една од основните задачи на Дирекцијата е информирањето на јавноста за правото на заштита на личните податоци, како и за воспоставената законска и институционална рамка на заштитата на личните податоци во Република Македонија.

Првата Конференција за медиуми[11] се одржа на 30.11.2006 година. По одржувањето е забележано значително зголемување на интересот на јавноста и медиумите за заштитата на личните податоци.

Дирекцијата ги подразбира новинарите во улога на нејзини партнери во остварувањето на надлежностите, односно во директната примена на законот. Неколку примери во медиумите укажаа на отстапувањата од принципите за заштита на личните податоци, од страна на определени контролори, што беше повод за директно делување на Дирекцијата со укажувања во насока на отстранување на неправилностите во работењето на тие контролори, при обработка на личните податоци. Токму ваквиот пристап на медиумите и помага на Дирекцијата во ефикасно спроведување на нејзините надлежности.

### *8.2 Активности поврзани со подготовката за одбележувањето на Европскиот ден за заштита на личните податоци*

Советот на Европа, на 962-та средба на Комитетот на Министри донесе Одлука со која го прогласи 28-ми јануари за Ден на заштитата на личните податоци. Иницијативата за определување на Ден на заштитата на личните податоци е на Консултативниот Комитет (T-PD), а 28-ми јануари е определен како датум на кој е донесена и отворена за потпис Конвенцијата за заштита на лицата во однос на автоматската обработка на личните податоци бр.108/81.

Идејата на Советот на Европа е на овој ден сите органи надлежни за заштитата на личните податоци од земјите членки да организираат активности за подигнување на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци, како едно од фундаменталните човекови права.

По препорака на Советот на Европа, Диркцијата презема бројни активности за одбележување, за прв пат во Европа и кај нас на 28 јануари,

---

[11] Теми на Конференцијата за медиуми: личните податоци – клуч кон приватноста, закани по приватноста и злоупотреби на личните податоци, како граѓаните да ги заштитат своите лични податоци и новинарите-партнери на Дирекцијата.

Денот на заштита на личните податоци. Конечната агенда за овој настан вклучуваше:

„Отворен ден за новинарите“ закажан за 26 јануари 2007 година. Идејата беше на овој ден Дирекцијата да биде отворена за сите новинари, нивните прашања и интереси за заштитата на личните податоци.

На 27-28 јануари 2007, во викенд изданијата на два дневни весници (на македонски и на албански јазик) да се дистрибуираат информативни брошури.

Главната активност беше предвидена за 29 јануари-„Ден на отворени врати на Дирекцијата“ сите заинтересирани граѓани да ја посетат Дирекцијата и непосредно да се информираат за нејзината работа и за принципите на заштита на личните податоци, како и да добијат практични совети од вработените.

Сите овие активности, беа испланирани до крајот на декември 2006 година, за што беше благовремено известен Советот на Европа.[12]

### 9. Финансиска и материјална основа на Дирекцијата

Дирекцијата е буџетски корисник од прва линија. Основните и единствените средства за извршување на функцијата на Дирекцијата се утврдени со Буџетот на Дирекцијата. Буџетот на Дирекцијата е составен дел на Буџетот на Република Македонија.

Буџетот на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2006 година, е одобрен во вкупен износ од 5.000.000,00 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/05).

Со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/06), на Дирекцијата и е одобрен дополнителен буџет во вкупен износ од 1.524.000,00 денари.

Збирни податоци за 2006 година[13]

| | |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2006 година | 6.524.000,00 |
| Вкупно остварени приходи (трансфери од Буџетот на РМ) | 4.962.504,00 |
| Вкупно реализирани расходи | 4.962.504,00 |

**Расходни показатели по категории**

- **Трошоци за плати на вработените** – 61,28% или 3.041.069,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на исплата на плати, придонеси од плати и надоместоци на плати на вработените.

---

[12] Сите наведени активности беа успешно остварени, но поопширно ќе бидат образложени во Годишниот извештај за 2007 година.

[13] Графичкиот приказ на расходните показатели по категории и процентуална искористеност на средствата во 2006 година е составен дел на овој Извештај (Прилог бр.3)

- **Комунални услуги** (електрична енергија, парно греење, ѓубретарина, телефон) – 10,11% или 501.761,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на расходи за комунални услуги.

- **Просечни вкупни месечни трошоци за комунални услуги** изнесуваат 41.813,42 денари

- **Транспорт –** 1,01% или 50.015,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на расходи за транспорт на вработените, вклучувајќи и набавка на гориво за службено возило.

- **Поправки и преправки –** 0,12% или 6.000,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на расходи за поправки и преправки во Дирекцијата.

- **Трошоци за обуки на вработените и учество на семинари, конференции и состаноци, вклучувајќи и патни и дневни расходи –** 6,49% или 322.260,50 денари од вкупните расходи се однесуваат на трошоци за обуки на вработените и учество на семинари, конференции и состаноци, вклучувајќи и патни и дневни расходи.

- **Договорни услуги –** 5,79% или 287.448,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на договорни услуги во кои се вклучени банкарските провизии, образовните услуги, услугите за копирање, издавање и печатење, како и другите договорни услуги.

- **Списанија, весници и стручна литература –** 1,33% или 66.065,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на расходи за набавка на списанија, весници и стручна литература за потребите на вработените во Дирекцијата.

- **Канцелариски материјал –** 1,60% или 79.656,00 денари од вкупните расходи се однесуваат на расходи за набавка на канцелариски материјал за потребите на вработените во Дирекцијата.

- **Расходи за репрезенатација –** 1,86% или 92.162,50 денари се однесуваат на расходи за репрезентација. Овде се вброени сите расходи направени за набавка на репрезентативни подароци и набавка на храна и пијалоци за одржаните состаноци, конференции и деловните соработници на Дирекцијата.

- **Капитални расходи –** 8,27% или 410.584,50 денари од вкупните расходи се однесуваат на капитални расходи, од кои 81,82% или 335.954,50 денари се однесуваат за набавка на канцелариски мебел, канцелариска опрема, кујнска опрема и друга опрема, а останатите 18,18% или 74.630,00 денари за набавка на компјутерски софтвер.

- **Просечните вкупни трошоци по вработен** изнесуваат 381.730,38 денари.

## 10. Главни планирани активности и приоритети за 2007 година

Главните планирани активности и приоритети на Дирекцијата за 2007 година се фокусирани кон продолжување на сите започнати процеси во областа на заштитата на личните податоци:

- Потпишување и ратификување на Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108 на Советот на Европа, кој се однесува на органите на супервизија и прекуграничен проток на податоци;
- Целосно усогласување на Законот за заштита на личните податоци во поглед на acquis communautaire, попрецизно дефинирање на постапките (вршење управен надзор, постапување по барања и претставки, известување за евиденциите што ги водат контролорите) што се во надлежност на Дирекцијата, како и определување на санкции за пропишаните прекршоци со Законот за заштита на личните податоци, кои можат да се изречат од страна на Дирекцијата, со гарантирање судска заштита против конечната одлука за прекршок под услови и постапка уредена со закон. (На ваков начин Законот за заштита на лични податоци во кој се содржани прекршочни санкции ќе се усогласи со новите прекршочни санкции пропишани со новиот Закон за прекршоци)
- Активно учество на Дирекцијата во проследувањето на предлозите за измени и дополнувања на законската регулатива во земјата од аспект на заштита на личните податоци со што ќе се зајакне институционалната рамка на Дирекцијата како независен орган кој врши надзор и кој може да изрекува мерки и санкции, како и да учествува во судските постапки;
- Остварување на продлабочена меѓународна соработка и понатамошно вклучување во органите и телата на Советот на Европа и Европската Унија, кои работат во областа на заштита на личните податоци.
- Развивање на соработката со институциите
- Подготовка на Стратегиски план за периодот 2007-2010 со имплементирачки годишни програми;
- Воспоставување на Централен регистар;
- Контунуирано подигање на јавната свест.

Сметаме дека во текот на 2006 година, Дирекцијата во објективни рамки и услови, во поголем дел успеа да ги реализира планираните активности, пред

се насочени кон подигање на јавната свест на граѓаните за нивното право на заштита на личните податоци, ефикасната заштита на тоа право, како и информирање и едуцирање на контролорите за нивните со Законот предвидени обврски.

Неспорно е дека заштита на личните податоци нема да биде успешна доколку Дирекцијата ја нема потребната поддршка и соработка од сите државни органи, приватниот сектор, невладиниот сектор, од медиумите и од секој граѓанин одделно.

**Скопје, 30 март 2007 година**

**Директор,**
**Маријана Марушиќ**

**Прилог бр.1**

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА
## ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ



**Прилог бр**.2

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ







Образовна структура на вработени во ДЗЛП
1 вработен
или 8%
12 вработени
или 92%
Вработени со високо образование
Вработени со средно образование


Број на Вработени во ДЗЛП во 2006
0
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12
13
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**Прилог бр.3**

## СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРОЦЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА СРЕДСТВА ВО 2006 ГОДИНА




| Ставка | Опис | Буџет за 2006г. | Расходи во 2006г. | %на искористеност во 2006 г. |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Плати наемнини и надоместоци | 2.465.000,00 | 2.122.049,00 | 86,09 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 1.082.000,00 | 913.401,00 | 84,42 |
| 403 | Останати придонеси од плати | 7.000,00 | 5.619,00 | 80,27 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 550.000,00 | 322.260,50 | 58,59 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 760.000,00 | 551.776,00 | 72,60 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 200.000,00 | 178.979,00 | 89,49 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 100.000,00 | 6.000,00 | 6,00 |
| 425 | Договорни услуги | 290.000,00 | 287.448,00 | 99,12 |
| 426 | Други тековни расходи | 200.000,00 | 164.378,00 | 82,19 |
| 482 | Други градежи работи | 200.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 560.000,00 | 335.954,50 | 59,99 |
| 485 | Други нефинансиски средства | 110.000,00 | 74.630,00 | 67,85 |
| **Вкупно** | | **6.524.000,00** | **4.962.495,00** | **76,0652207** |